

# ЕТИКА И УСОГЛАСЕНОСТ

## КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ГРУПАЦИЈАТА АДП

GROUPE ADP

SHARING NEW HORIZONS

# ВОВЕД

## ЕТИЧКИОТ ИМПУЛС НÈ ОДРЖУВА НА ВИСТИНСКИОТ ПАТ!

За Групацијата АДП, етиката и усогласеноста со законските одредби опфаќаат придржување кон законите и правните акти, прописите и регулативите на државите каде што групацијата е присутна со своите деловни активности, како и придржување кон вредностите.

Згора на тоа, Групацијата АДП, Aéroports de Paris SA и TAV Airports, стана потписничка на 10-те принципи на Глобалниот договор на ОН во 2003 година (види стр. 6)

За да се реализираат промените во процедурите, прво мора да се зацврстат етиката и усогласеноста во културните промени. Секој вработен се заложува на оваа културна промена преку примена на вредностите на Групацијата АДП во нивната секојдневна работа.

**Добриот етички импулс нè одржува на вистинскиот пат!**

### ЛОЈАЛНОСТ: ДВОНАСОЧНА ЗАЛОЖБА

Потпишувањето на Договор за вработување (договор за вработување на неопределено време, договор за вработување на определено време, договор за практична работа, и др.) ги обврзува и вработениот и работодавецот на обврската за лојалност што бара двете страни да ги извршуваат договорните обврски со интегритет.

**ОБВРСКАТА ЗА ЛОЈАЛНОСТ Е ПРИМЕНЛИВА:**

- Во текот на времетраењето на договорот за работа, за време на мирување или отсуство, и за време на празници;
- За сите вработени на сите работни позиции;
- Со исклучок на одредби од договор за работа кои се спротивни на ова.

Оваа обврска опфаќа широк спектар на активности што може да предизвикаат незаконско нанесување штета, односно штетно делување врз една од страните, извршени од страна на вработениот (не му нанесувајте штета или не го потценувајте вашиот работодавец, клиентите, добавувачите, партнерите, итн.; не откривајте доверливи информации, не започнувајте конкурентска работа без претходно овластување, и сл.) или од страна на работодавачот (исплаќање плата и придржување до крајни рокови, обезбедување на договореното работно место на вработените, обезбедете им на вработените доволно ресурси за извршување на работата што се очекува од нив, итн.).

Етиката и усогласеноста се двигател на довербата, а оттука произлегува и ефикасноста и квалитетот при работењето на нашата Групација и сите нејзини чинители, односно засегнати страни!

Тие сочинуваат 12–18% од нашиот дополнителен финансиски рејтинг, што има директно влијание врз нашиот капацитет за пораст.

Секој вработен мора да е активен учесник во овој процес и да дејствува како амбасадор на нашата етичка култура при работењето со засегнатите страни.

Ова е причината поради која Групацијата АДП развива и применува глобална програма во која информираноста, свесноста и обуката ќе претставуваат клучни алатки за да ви помогнат да пристапите соодветно во текот на вашето секојдневно работење.

**Етиката и усогласеноста се од непроценливо значење за Групацијата АДП и мора да бидат заштитен знак во работењето и деловната активност.**

Правилата за етика и усогласеност со законските одредби се составен дел од нашите интерни правила. Тие се базирани врз три основни начела, односно принципи, што мора да ја водат и насочуваат нашата работа: одговорност, интегритет и почит.

Тие мора да бидат прифатени и применети од страна на сите вработени, без оглед на нивната работна позиција или хиерархиско ниво, како и од секој што работи за или во име на нашата компанија. Вработените исто така мора да бидат сигурни дека лицата што се под нивна одговорност ги почитуваат принципите.

**Непочитувањето на и непридржувањето кон овие правила може да доведе до дисциплинска постапка.**

Затоа од голема важност е да разговарате со вашите менаџери и/или раководители или со Офицерот за етика и усогласеност за какви било чувствителни ситуации (вид стр. 26). Разгледувањето и дискутирањето на овие прашања се клучни чекори за развој на вистинските постапки, притоа наоѓајќи соодветни решенија, откривајќи потенцијално ризични ситуации и нивно правилно ескалирање. Заедно можеме да помогнеме компанијата да расте и да се развива.

**Нашето активно учество и заложба нѐ одржуваат на вистинскиот пат!**

codeofconduct.groupeadp.fr

# ЗОШТО ГРУПАЦИЈАТА АДП ИМА ПОТРЕБА ОД ПРОГРАМА ЗА ЕТИКА И УСОГЛАСЕНОСТ

## ЕТИКА И УСОГЛАСЕНОСТ: НАШАТА ДЕФИНИЦИЈА

За Групацијата АДП, етиката и усогласеноста опфаќаат и **усогласеност со законите, законските одредби и правните регулативи, прописи и усогласеност со вредностите.**

## ЕТИКА И УСОГЛАСЕНОСТ: ВЛОГОВИТЕ

Етиката и усогласеноста станаа универзален услов, односно универзално барање во деловните зделки.

Нашите засегнати страни обрнуваат многу големо внимание на нашето однесување во овие две клучни области. За возврат, нашето однесување им докажува дека нашата Групација е достојна на нивната доверба.

Исто така, непочитувањето на правилата за етиката и усогласеност може да доведат до исклучување од одредени пазари (Светска Банка, итн.)  или пак може да резултира со забрана за кредитирање од одредени банки за постигнување на наша цел, односно забрзување на нашиот раст.

Оттука, етиката и усогласеноста имаат **директно влијание врз довербата што засегнатите страни ја имаат кон нас и кон ефикасноста и квалитетот на нашето работење.**

Одредени прекршоци во однос на етиката може да доведат дури и до големи парични казни и глоби за компанијата и нејзините вработени.

Целта на нашиот механизам за етика и усогласеност е **да ги заштити не само компанијата, туку и сите вработени во Групацијата АДП.**

**ВЛАСТИТЕ НА САД ПРИМЕНИЈА СТРОГИ САНКЦИИ ЗА КОРУПТИВНИ ДЕЛА, НА ПРИМЕР:**

- Петролео Брасилеиро – Петробрас (Бразил) /Petróleo Brasileiro S.A.–Petrobras (Brasil)/: **1,78 милијарди долари** (2018г.).
- Сименс (Германија) /Siemens (Germany)/: **800 милиони долари** (2008г.)
- Алстом (Франција) /Alstom (France)/: **772 милиони долари** (2014г.).
- Сосиете Женерал (Франција) /Société Générale S.A. (France)/: **585 милиони долари** (2018г.).
- КБР / Халилбурот (САД) /KBR / Halliburton (USA)/: **579 милиони долари** (2009г.)

## КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ: РАЗМИСЛУВАЊЕ И ПРИМЕНА

Групацијата АДП работи во свет со високо поставени стандарди во кој навидум незначителни постапки на несоодветно однесување може да доведат до последици што може да чинат многу (на пример: парични казни, затворски казни, деловни санкции,нанесување штета на репутацијата, итн.). Затоа, Групацијата АДП донесе одлука јасно да ги утврди своите правила на однесување коишто, иако не можат да ја опфатат секоја ситуација и/или настан, сепак служат за заштита на компанијата и нејзините вработени.

Овој Кодекс на однесување се однесува на сите вработени во Групацијата АДП.

Целта на Кодексот е да се фокусира на главните теми за етика преку конкретни примери за да им помогне на вработените да ја преземат одговорноста во однос на принципите и да ги применуваат во сите аспекти од нивното работење.

## ПРОГРАМА ЗА ЕТИКА И УСОГЛАСЕНОСТ: РАЗВОЈ И УПРАВУВАЊЕ

Одделот за етика и Одделот за правни работи и осигурување работат заедно на ниво на Групацијата за да ја креираат и развијат програмата. Тие исто така ќе работат заедно и за да ја имплементираат програмата, со поддршка од Офицерите за етика и усогласеност во рамки на нашите подружници и во соработка со надлежните лица од другите засегнати сектори и оддели.

## КАКО ДА ПОСТАПИТЕ ДОКОЛКУ ИМАТЕ ПРАШАЊА ИЛИ ПАК ВО СЛУЧАЈ НА ЧУВСТВИТЕЛНА СИТУАЦИЈА

Од суштинско значење е да ја споделите вашата загриженост, ако имате прашања или ако се соочувате со чувствителна ситуација! Преку комуницирање и дискутирањето на овие прашања, тие полесно се разјаснуваат, а во исто време ни овозможува да откриеме доколку постојат ризици и секако, ни помага да најдеме соодветни решенија со вашиот претпоставен/менаџер (видете стр. 26–29).

Исто така постои и механизам, односно систем за укажување**. Повелбата за укажување можете да ја најдете на платформата за укажување.

* http://codeofconduct.groupeadp.fr
** https://alert.groupeadp.fr

## 10-ТЕ ПРИНЦИПИ НА ГЛОБАЛНИОТ ДОГОВОР НА ОН

### Човекови права

1. Поддршка и почитување на заштитата на меѓународно признатите човекови права.
2. Гаранција дека нема соучесништво во кршење на човековите права.

### Работна сила

3. Поддршка на слободата на здружување и ефективно признавање на правото на колективно преговарање.
4. Елиминација на дискриминација во поглед на вработување и занимање.
5. Ефективно укинување на детската работна сила.
6. Елиминација на сите облици на присилна и задолжителна работа.

### Животна околина

7. Поддршка на внимателен пристап кон предизвиците од значење за животната средина.
8. Преземање иницијативи за промовирање на поголема одговорност кон животната средина.
9. Поттикнување на развој и распространетост на еколошки технологии.

### Спречување корупција

10. Борба против корупција во сите форми на корупција, вклучувајќи изнудување и поткуп.

## СОДРЖИНА


Усогласеност со законските одредби, правната регулатива и прописите ........ 8

борба против измамничко однесување ........ 10

спречување корупција ........ 12

Gзаштита при прифаќање или давање подароци, гостопримство или придобивки ........ 14

идентификување и справување со судир на интереси ........ 16

заштита на личните податоци и информации ........ 18

придржување кон принципите за слободна конкуренција ........ 22

почитување на вработените, колегите и деловните партнерис ........ 24

справување со чувствителни ситуации ........ 26

поимник ........ 30

# УСОГЛАСЕНОСТ СО ЗАКОНСКИТЕ ОДРЕДБИ, ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА И ПРОПИСИТЕ

Етиката е во тесна врска со усогласеноста со законските одредби, правната регулатива и прописите.

Секој вработен мора постојано да биде сигурен дека стриктно се придржува кон законските одредби, правната регулатива и прописите, како и кон какви било договорни обврски што произлегуваат во текот на нивното работење.



**На пример:**

Штотуку бев унапреден на нова работна позиција. Моето ново работно место опфаќа управување со ризикот и опасностите од животни на аеродромот, а мојот тим само што ме извести дека мора да се придржуваме до конкретна регулатива што не ми е позната.

Како да постапам?

Треба да разговараш за ситуацијата со твојот Менаџер и да побараш од Одделот за правни работи да ти обезбеди релевантни информации.

**На пример:**

Менаџер сум на Одделот за обезбедување во терминал. Јавен службеник ме извести дека моите процедури за работа мора да им овозможат на државните агенти да поминат на пунктот за безбедносна проверка врз основа само на нивната униформа и без да покажат значка. Иако не можам на најдам нешто поврзано со ова во применливите регулативи, постапив согласно барањето бидејќи сепак доаѓа од еден од владините оддели.

Дали мојата одлука е правилна?

Доколку овој тип на исклучок не е предвиден со закон, државниот службеник не е овластен да го бара тоа. Постапувањето согласно барањето на службеникот го прекршува законот и ја загрозува компанијата. Треба да се обратите до Одделот за правни работи, каде може да добиете информација дали постои таква законска одредба и каде може да ви помогнат да подготвите одговор за службеникот што го поднел барањето.

## НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ

- Разговарајте со вашиот Менаџер за познавањето на правните работи и аспекти потребни за вашата работна позиција.
- Ако е потребно за вашата работна позиција, научете ги барем основите на релевантните законски одредби и правни регулативи.
- Користете ја правната алатка за мониторинг на вашата компанија, доколку е достапна, и/или консултирајте се со Одделот за правни работи
- Придржувајте се до применливите делегирани работи **

## БИДЕТЕ ВНИМАТЕЛНИ

Доколку во прашање е законитоста на документот, следете ги процедурите:

- Разговарајте за проблемот со вашиот Менаџер и колегите од вашиот оддел.
- Во зависност од проблемот, контактирајте го Одделот за правни работи и осигурување, Офицерот за етика и усогласеност на Групацијата и/или Менаџерот за човечки ресурси.

## СТРОГО ЗАБРАНЕТО

- Носење каква било одлука што може да сноси правни ризици без претходна консултација со вашиот Менаџер или Одделот за правни работи.
- Преземање обврска или обврзување на компанијата, доколку постои сомневање во однос на почитување на законските одредби и правните регулативи/прописите од страна на компанијата или нејзините партнери.

* за повеќе информации во врска со правната алатка за мониторинг, ве молиме контактирајте го вашиот Оддел за правни работи ** за повеќе информации за применливите делегирани работи, ве молиме консултирајте се со вашиот Менаџер или контактирајте го вашиот Оддел за правни работи

# БОРБА ПРОТИВ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Измамничко однесување е секое дело на измама со цел здобивање со несоодветна или незаконска предност.

Измамничкото однесување може да биде предмет на кривично гонење. Во примерите на измамничко однесување спаѓаат кражба, изнуда, проневера, злоупотреба на доверба, нелегална трговија, прикривање, перење пари, корупција (видете на страница 12), фаворизирање, злоупотреба на службена положба и овластување, незаконско присвојување јавни средства, проневера на јавни средства, нелегално тргување со акции или злоупотреба на средства на компанијата и узурпација на идентитет/канцеларија.



**На пример:**

Работам како сметководител. Еден петок во 4 часот попладне, добив телефонски повик од некој кој тврдеше дека е Главниот извршен директор, и ми даде насоки веднаш да извршам трансфер на средства на сметка и ми ги даде деталите за сметката.

Треба ли да постапам согласно барањето?

Ова може да е измама во обид, попозната како *CEO fraud*. Морам да сум сигурен дека ја следам правилната процедура, вклучително и дека ќе го известам мојот Менаџер и ќе го започнам процесот на валидација и одобрување.

**На пример:**

На службено патување сум и би сакала да им купам подарок на моите деца. За да платам, ја користам банкарска картичка од Групацијата АДП што ми е дадена за користење.

Дали е ова прифатливо однесување?

Ова е злоупотреба на доверба. Деловната банкарска картичка може да се користи само за деловни цели.

## НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ

Секој вработен треба да биде проактивен во спречувањето на измамничко однесување.

- Спроведувајте ги сите применливи упатства и процедури.
- Заштитете ги средствата и инвентарот на компанијата (објекти, опрема и сл.).
- Следете ги сите активности и чувајте ги сите придружни документи.

## БИДЕТЕ ВНИМАТЕЛНИ

- Во случаи на сомневање за измама, не заборавајте да го информирате вашиот Менаџер, Одделот за правни работи, или Офицерот за етика и усогласеност на Групацијата.

## СТРОГО ЗАБРАНЕТО

- Игнорирање на процедурите на компанијата.

# СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА

Корупцијата се состои од прибавување предност (подароци, гостопримство, пари, информации, услуги и слично) за кое било јавно или приватно лице со цел да се натера да постапи или да се воздржи од постапување. Корупцијата може да биде активна (од страна на корупционерот) или пасивна (од страна на лицето кое е корумпирано).

**Самата намера може да се смета за доволна за да се квалификува како кривично дело!**

Не се одговорни само оние кои што се вклучени (оние што корумпираат и оние што се корумпирани): компанијата и нејзините претставници исто така се одговорни при вакви случаи. Корупцијата исто така наштетува и на угледот и репутацијата. Со цел ефикасно спречување на корупцијата, сите вработени мора да ги знаат и да ги применуваат следниве начела, односно принципи:

**Нема компромис со усогласеноста.**

**Групацијата АДП секогаш ќе биде на страната на вработените што работат во согласност со и се водат според етичките правила и вредности и кои одбиваат да учествуваат во каква било форма на корупција или поткуп.**

## НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ

- Секојдневното работење нека биде отворено, правично и чесно и во согласност со стандардните процедури за работа на Групацијата АДП.
- Дозволете нашите партнери да знаат за нашата заложба за борба против корупцијата.
- Во случаи на сомневање за или обид за корупција, информирајте го вашиот Менаџер, или Офицерот за етика и усогласеност на Групацијата (видете страница 29)
- Погледнете ја Повелбата за одговорно лобирање каде ќе најдете насоки за застапување на интересите.

## БИДЕТЕ ВНИМАТЕЛНИ

- Чувствувате дека некому/нешто должите откако сте добиле предност или некаква корист од партнерот.
- Справување со посредници (или деловни застапници) без да ги соопштите нашите заложби против корупцијата или пак да ги вметнете во договори.
- Прифаќање или нудење подарок или гостопримство без анализа на контекстот (видете страница 14).

## СТРОГО ЗАБРАНЕТО

- Нудење или прифаќање поткуп, подароци, гостопримства, услуги и слично, за да добиете повик на тендери или во замена за доверливи информации за компанијата.
- Согласување да се користи посредник определен од страна на клиентот или кандидат за да се обезбеди договор.
- Одобрување прием на услуга или нарачка поголема од она што всушност било обезбедено/испорачано за да се добие корист од давателот на услугата, или за себе или за други.
- Разгледување деловен однос (види процедура за проценка на трета страна) без претходно да се провери третата страна за која станува збор (добавувачи, клиенти и сл.).
- Потплаќање со цел да се олесни или забрза добивањето овластувања.

**ЕДИНСТВЕНИОТ ИСКЛУЧОК ОД ОВИЕ ПРИНЦИПИ:** маргина на толеранција се применува кога физичката безбедност на една личност – или неговите или нејзините роднини – е загрозена. Доколку тоа се случи, треба веднаш да го известите вашиот Менаџер, Менаџерот за човечки ресурси, Одделот за правни работи или Офицерот за етика и усогласеност.

**На пример:**

Работам како експерт за системи за ракување со багаж. Добавувач на опрема за системи за ракување со багаж ми понуди ВИП седишта на голем спортски натпревар ако им дадам технички податоци за нашиот систем за ракување со багаж.

Дали е ова прифатливо?

Ова е обид за поткуп што е казниво со закон и од страна на Групацијата АДП. Ја одбивам понудата. Исто така, го известувам и мојот Менаџер или Офицерот за етика и усогласеност.

**На пример:**

Работам на аеродром. Локалниот менаџер на една авиокомпанија ми понуди бесплатен авионски билет или пак промена на билет во повисока класа ако се согласам да го вработам неговиот син.

Дали е ова прифатливо?

Ова е обид за поткуп што е казниво со закон и од страна на Групацијата АДП. Ја одбивам понудата. Исто така, го известувам и мојот Менаџер или Офицерот за етика и усогласеност.

## ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕКРШОЦИ ВО СВЕТСКИ РАМКИ

### ЗА КОМПАНИЈАТА

- Од 5 милиони евра до 30% од приходот на компанијата (францускиот закон за спречување корупција, познат и како Sapin 2)
- Исклучување од одредени пазари (на пр. од страна на Светска Банка)
- Забрана за задолжување/земање кредити
- Нанесување штета на угледот и репутацијата на компанијата

### ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

- До 10 години затворска казна
- Парична казна од 1 милион евра (францускиот закон за спречување корупција, познат и како Sapin 2)
- Одземање граѓански права
- Забрана за вршење дејност/работење во релевантната област повеќе од 5 години



# ЗАШТИТА ПРИ ПРИФАЌАЊЕ ИЛИ ДАВАЊЕ ПОДАРОЦИ, ГОСТОПРИМСТВО ИЛИ ПРИДОБИВКИ

Подароците и гостопримствата лесно може да се сметаат како обиди за поткуп или корупција. Затоа, тие мора да бидат ретка практика. Ваквите ситуации можат да ги изложат вработените и компанијата на истите ризици.

Додека одржувањето добри односи понекогаш може да ги натера вработените во Групацијата да понудат или да прифатат подароци или гостопримства, сепак контекстот на ваквите ситуации неопходно е внимателно да биде анализиран и испитан.



## НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ

- Анализирајте го контекстот во кој се нудат или прифаќаат подароци или гостопримства, користејќи ги 4-те критериуми дадени на следната страница.
- Дајте предност на рекламни/промотивни подароци или на оние чија вредност е чисто симболична.
- За време на професионални/стручни собири, Групацијата АДП може да финансира превоз и сместување, доколку е корисно и полезно за деловните активности.
- Секогаш барајте одобрение од вашиот Менаџер за сите подароци / гостопримства чија вредност е поголема од 200 евра (> 200 €)*.

## БИДЕТЕ ВНИМАТЕЛНИ

- Избегнувајте ги сите подароци или гостопримства што може да го натераат надворешниот набљудувач да се запраша за интегритетот на давателот или примателот на подарокот или гостопримството.
- Избегнувајте ги сите подароци или гостопримства што можат да влијаат врз непристрасноста на сите одлуки што вработениот мора да ги донесе во интерес на Групацијата АДП.

## СТРОГО ЗАБРАНЕТО

- Прифаќање: која било сума на пари, дури и како заем или гаранција, или бесплатно обезбедување на подвижни средства или имот, опрема, патувања или друга услуга обезбедена од трета страна, без разлика дали е за некого лично или за некој од неговото/нејзиното семејство, пријатели или колеги.
- Прифаќање каков било подарок или гостопримство што ве става во ситуација да му должите на давателот на подарокот или гостопримството.
- Прифаќање каков било подарок или гостопримство за време на стратешки важен момент, односно временски период (на пр. отворен повик за тендер).

* Вкупна вредност на сите подароци или гостопримства (видете ја Процедурата за подароци и гостопримства) - Консултирајте се со Одделот за етика и усогласеност преку платформата (https://alert.groupeadp.fr).

## ИНДИКАТОРИ

**4 критериуми за анализа на контекст:**

**1** Преку Одделот за правни работи дознајте дали локалните закони имаат специфична рамка.

**2** Обрнете внимание на стратешкиот контекст, доколку е присутен: ниту прифаќајте ниту нудете подароци / гостопримства за време на тендери, периоди на гласање, преговори и сл.

**3** Одвојте го приватниот од деловниот живот и однесувајте се на професионално ниво. Следниве ситуации се примери на непрофесионални ситуации:

- Секое гостопримство кое вклучува пријатели или семејство кои не се директно вклучени во проектот.
- Кога за време на семинари и професионални настани се поминува повеќе слободно време одошто време поврзано со работата и професионалните активности.

**4** Утврдете дали вредноста на подарокот/гостопримството е разумна.

- Тест на реципроцитет: Дали сум овластен да ја дадам истата вредност на подароците / гостопримството во рамките на параметрите на мојата работа?
- Дали подарокот / гостопримството е разумен/но, исто така може да се процени врз основа на локалните закони и нивоата на приход, критериум што е особено важен кога некој е во странство. Како пример, може да биде во вредност од 5-10% од просечната плата во другата земја.
- When evaluating value, take into account all other gifts/hospitalities in the past (total them by year or by quarter - see graphic below).

## КРАТОК ПРЕГЛЕД

**Подароци / гостопримства**

**> € 200 кумулативен збир за Франција или 5-10% од просечната плата во друга држава**

Потребно е претходно одобрување од вашиот Менаџер

**Подароци / гостопримства**

**> € 60 кумулативен збир**

Известете го вашиот Менаџер



**Подароци / гостопримства**

**< € 60 кумулативен збир**

Не е потребно одобрување

# ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И СПРАВУВАЊЕ СО СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Судирите на интереси се јавуваат кога личните интереси на вработен или некој негов близок се во судир со работната позиција и обврските и одговорностите на вработениот или мисијата како што е утврдено од страна на компанијата. На вработениот повеќе не може да му се верува за да носи непристрасни професионални одлуки. Иако судирот на интереси не е престап, често произлегува од чувствителна ситуација која може да доведе до вистински прекршоци.

**Судир на интереси може да настане во секое време и при секаква ситуација: при склучување договори, работење со надворешни партнери, во склоп на тимот, при регрутација на некој што го познавате, итн.**

### НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ

- Извршувајте ги вашите должности на работа единствено и строго во интерес на компанијата, но никогаш не врз основа на вашиот личен интерес.
- Бидете умешни во препознавањето потенцијален или нов судир на интереси.
- Доколку има или пак доколку се сомневате дека постои ситуација на кофликт на интереси, пријавете на вашиот Менаџер или на Офицерот за етика и усогласеност и одлучете заедно за најдобриот начин за справување со ситуацијата со цел да се минимизира ризикот за вработениот и за компанијата.

### БИДЕТЕ ВНИМАТЕЛНИ

- Бидете внимателни и претпазливи кога се работи за ваши пријатели, некој од вашето семејство или вработени кои можат да имаат деловни или лични односи или дури и финансиски интереси со добавувачи, конкуренти или клиенти што соработуваат со Групацијата АДП.
- Во ситуации од јавен карактер (на пр. избран мандат), бидете сигурни дека не учествувате во носење одлуки што се однесуваат на и се во врска со Групацијата АДП, нејзините подружници или нејзините заеднички вложувања.

### СТРОГО ЗАБРАНЕТО

- Прикривање судир на интереси што може да и нанесе штета на Групацијата или на вработениот.

**На пример:**

Учествувам во изборот на добавувач. Мојот брат работи во една од компаниите што аплицирале.

Како треба да постапам?

Зависно од работната позиција на мојот брат во таа компанија како и финансискиот залог во прашање, можно е да има судир на интереси. Единствениот начин да дознаете дали оваа ситуација е прифатлива или не, е искрено и отворено да разговарате за ситуацијата со вашиот Менаџер, со цел да се најде решение што би ве заштитило и вам и Групацијата АДП.

**На пример:**

Во слободно време ангажиран сум како потпретседател на Здружението на соседи на аеродромот. Во склоп на мојата работна позиција во Групацијата АДП, меѓу другото, одговорен сум и за проектот за новата писта.

Како треба да постапам?

Групацијата АДП го почитува приватниот живот на своите вработени и всушност, и ги охрабрува да учествуваат во и да бидат дел од здруженија и заедницата во која живеат. Сепак, ако сметате дека вашата вклученост во активностите на Здружението на соседи на аеродромот води или би можело да доведе до судир на интересите со Групацијата АДП, мора да го известите вашиот Менаџер за тоа. Вашиот Менаџер или пак Офицерот за етика и усогласеност ќе ви дадат совети како би било најдобро да постапите понатаму.



# ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ

Секојдневно работење во рамките на Групацијата АДП бара споделување и обработка на широк спектар на податоци, активности, статистики и студии специфични за компанијата. Овој збир на информации претставува вредно средство. Компанијата е изложена на ризик кога протекуваат податоци, кога тие се неправилно обработени или пак слабо и лошо се управува со нив.

Нашите податоци како вредни средства и ресурси мора да бидат заштитени за да се обезбеди иден раст и конкурентност на компанијата. Од витално значење е да ги заштитиме и да управуваме со чувствителните и доверливи податоци на Групацијата, без оглед на нивниот вид, форма или локација.

За таа цел, Групацијата АДП креираше и воспостави Политика за заштита на податоците на Групацијата*. Сите вработени се одговорни за нејзиното спроведување на дневна и систематска основа. Сите вработени мора да бидат активно вклучени и да работат согласно политиката.



* за повеќе информации, ве молиме контактирајте го Одделот одговорен за Безбедност и управување со ризици.

## ПОСЕБЕН СЛУЧАЈ:
## ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Секоја информација што може да се користи за да се идентификува одредена индивидуа (на пр. име и/или презиме), или што овозможува лицето да се идентификува преку вкрстена референција на неколку податоци (телефонски број, регистарски број, број на значка, итн.) се сметаат за лични податоци. Чувствителните или доверливите податоци (биометриски податоци, медицински/здравствени информации и податоци и сл.) се сметаат за подгрупа на личните податоци.

Употребата на вакви лични податоци мора да биде во согласност со сите применливи регулативи, особено со барањата на Европската Општа регулатива за заштита на личните податоци (European General Data Protection Regulation – GDPR).

### КАЗНИ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ПРОПИСИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ СОГЛАСНО ЕВРОПСКАТА РЕГУЛАТИВА

**Вообичаени прекршоци:**
2% од вкупниот промет на Групацијата. Се применува за следново: повреда на службена должност од страна на управителот/менаџерот и подизведувачот за обработка на лични податоци, неисполнување на обврските од страна на компанијата одговорна за следење на придржувањето кон Кодексот на однесување.

**Непочитување на основните принципи,** лични права или обврски за време на трансфер на податоци во други земји или меѓународни организации: 4% од вкупниот промет на Групацијата од претходната година.

# ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ (ПРОДОЛЖУВА)

## НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ

- Одржувајте највисоко ниво на дискреција и доверливост при ракување со податоци поврзани со компанијата, без разлика дали во или надвор од компанијата.
- Направете проценка на доверливоста на содржината на информација во даден документ и заведете го нивото, односно степенот на доверливост на тој документ, преку употреба на скалата за степен на доверливост на Групацијата која се состои од 4 нивоа (јавен, класифициран, доверлив, строго доверлив документ). Исто така можете да ја видите и Политиката за заштита на лични податоци на Групацијата*.
- Уверете се дека околината е безбедна кога работите на доверливи информации, користејќи ја само опрема на компанијата и никогаш не работете на документи со доверливи информации на јавни места.
- При комуницирање, ракување со, односно примање и/или испраќање, ДОВЕРЛИВИ или СТРОГО ДОВЕРЛИВИ информации (без разлика дали усно, писмено, или дигитално), бидете сигурни дека комуникацијата е само со познати и идентификувани лица; ако тие лица не се дел од Групацијата АДП или ако податоците се СТРОГО ДОВЕРЛИВИ, погрижете се да добиете договор за доверливост.
- Чувајте ги и уништете ги документите со кои ракувате врз основа на нивниот степен, односно ниво на доверливост (сигурносен плакар, уништувач (шредер) и сл.).

**Заштита на личните податоци:**

- Штом започнувате некој проект, идентификувајте ги личните податоци со кои ќе ракувате при работењето.
- Следете ги локалните прописи и интерни правила за заштита на податоци (евидентирање, документирање, собирање...).
- Вашите активности за заштита на податоците треба да бидат пропорционални на нивото, односно степенот на доверливост на податоците, вклучително и во случаи на пренесување.
- Избришете ги податоците од вашите лични медиуми за зачувување веднаш штом податоците не се користат.

## БИДЕТЕ ВНИМАТЕЛНИ

- Следете ги инструкциите и правилата на Групацијата кога работите од дома.
- Следете ги прописите на Групацијата кога сте на службено патување.

**Заштита на личните податоци:**

- Веднаш известете го вашиот Оддел за правни работи, или Офицерот за заштита на личните податоци, или вашиот Оддел за ИТ, ако се сомневате или знаете за кражба или загуба на податоци (на пр. на USB), или дали податоците се променети (на пр. хакирани).

## СТРОГО ЗАБРАНЕТО

- Откривање, обелоденување, каков било вид информации, документи или досиеја, вклучително и тековните или планираните проекти или студии, особено индустриски, комерцијални, финансиски, технички или други операции, или какви било тајни и процеси поврзани со работењето на која било компанија што е дел од Групацијата АДП, во која било форма, без легитимна причина и без примена на соодветни заштитни мерки.
- Обелоденување специфични информации на социјалните медиуми во врска со проекти на кои работите или сте работеле.

**Заштита на личните податоци:**

- Непочитување на и непридржување кон условите и барањата согласно локалната регулатива, односно локалните прописи или интерни правила за заштита на личните податоци.

* За повеќе информации, ве молиме контактирајте го Одделот одговорен за заштита на лични податоци.

## Computers and data protection

### 1 ЛОЗИНКИ (PASSWORDS)

Користете сложени лозинки, избегнувајте да ја користите истата лозинка на повеќе места; никогаш не ја кажувајте лозинката

### 2 СНИМАЊЕ И РЕЗЕРВНИ КОПИИ (SAVING AND BACKUPS)

Податоците од вашата работа снимајте ги само на медиум за зачувување на компанијата

### 3 АЖУРИРАЊА (UPDATES)

Применете ги сите ажурирања што се бараат од Одделот за информациски системи на вашите уреди што е можно поскоро

### 4 ФЛЕШ МЕМОРИЈА (FLASH DRIVES)

Обидете се да избегнете употреба на флеш меморија / USB меморија и никогаш не ги употребувајте за чување доверливи податоци (висок ризик од губење или од злонамерен софтвер); користете ја платформата за споделување преку постојната алатка на компанија за трансфери на датотеки

### 5 Е-ПОШТА (E-MAIL)

Пријавете ги сите сомнителни пораки до одделот надлежен за заштита на податоците* и проверете ги сите линкови (врски) и прилози (атачменти) пред да кликнете на нив

### 6 ПРЕЗЕМАЊЕ (DOWNLOADING)

Ако се сомневате, консултирајте се со  Одделот надлежен за заштита на податоците*, за да ја проверите безбедноста на линковите за преземање

### 7 РОАМИНГ (ROAMING)

Никогаш не зачувувајте податоци за работата на вашиот компјутер; секогаш користете ги опциите за зачувување обезбедени од компанијата; користете филтри за приватност

### 8 ОДВОЈУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА РАБОТА ОД ПРИВАТНИОТ ЖИВОТ

Чувајте ја работата и личните намени одделно, вклучувајќи е-пошта, уреди, меморија, итн.

### 9 ЗЛОНАМЕРЕН СОФТВЕР (MALWARE)

Веднаш исклучете ја работната станица ако забележите дека се однесува чудно и контактирајте ја вашата ИТ поддршка

* За Франција: @adp.fr.

* За TAB : TAVInformationSecurity@tav.aero

# ПРИДРЖУВАЊЕ КОН ПРИНЦИПИТЕ ЗА СЛОБОДНА КОНКУРЕНЦИЈА

Отворената, непречена конкуренција е основен услов за здрави, цврсти и лојални деловни односи.
Законот за конкуренција забранува фиксирање на цените, договор со поврзани страни и споделување стратешки информации помеѓу конкурентите, како и злоупотреба на доминантна позиција.
Потребно е економските актери кои се натпреваруваат за ист договор да се третираат подеднакво.
Во односите со деловните партнери, Групацијата АДП своето однесување го заснова врз принципите на лојалност, транспарентност и недискриминација.
При набавки, Групацијата АДП применува многу специфични и строги правила со кои се уредуваат јавните договори.
Незнаењето или неразбирањето на овие правила ги изложува вработените и компанијата на тешки административни, граѓански, па дури и кривични казни.



## НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ

- Секогаш третирајте ги нашите партнери фер и праведно (добавувачи, клиенти, деловни активности, и сл.) со тоа што на секоја засегната страна ќе и бидат дадени истите информации.

## БИДЕТЕ ВНИМАТЕЛНИ

- Пријавете кај вашиот Менаџер ако се сомневате на таен договор, односно заговор меѓу конкурентите (на пр. понудувачи на повик за тендер кои одлучуваат да се вклучат во утврдување на цените).
- Никогаш не нудете рабати, попусти или финансиски придобивки од кој било вид, без да ја следите соодветната постапка.
- Кога се сомневате, консултирајте се со вашиот Менаџер, Одделот за правни работи или Офицерот за етика и усогласеност за да ги процените потенцијален ризик и да одлучите како да продолжите понатаму.

## СТРОГО ЗАБРАНЕТО

- Директно или индиректно откривање/обелоденување стратешки информации на конкурентни аеродроми.
- Директно или индиректно олеснување на откривање/обелоденување на доверливи деловни информации меѓу конкурентни клиенти, трговски оператори или добавувачи.

**На пример:**

За време на конференција, колега од друг аеродром ми кажа дека би сакал да поразговара со мене за аеродромски најдобри практики.  Бидејќи ова изгледаше како корисна идеја, решивме секој месец да си испраќаме  пораки преку електонска пошта.

Дали е ова прифатливо?

Откривањето тековни или идни, конкретни и нецелосни, доверливи и деловни информации што не се јавни во врска со комерцијалната тајност е строго забрането и може да доведе до дисциплински мерки. Таквите податоци опфаќаат стратегии за утврдување цени, трошоци, како и деловни, бизнис-политики во однос на другите авиокомпании.

Разговарајте за прашањето со Одделот за правни работи и побарајте совет.

**На пример:**

Се градат нови простории за авиокомпанија. За најдобро да се искористат ресурсите, физибилити студиите се спроведуваат со авиокомпанијата „Y“ која што ќе биде лоцирана во овие нови простории.

Дали Групацијата АДП треба да ги извести другите авиокомпании за овој проект?

Групацијата АДП има дискреционо право во однос на доделување на аеродромски локации и капацитети. Сепак, оваа распределба мора да се изврши во услови на фер конкуренција помеѓу различните авиокомпании. Затоа е важно да се консултирате со сите авиокомпании за да се избегнат обвинувањата за фаворизирање или дискриминација.

## КАЗНИ

**За компанијата**

- До 10% од глобалниот вкупен промет
- Поништување на договорот или на спорните клаузули
- Побарувања за отштета и за камати
- Исклучување од повици за тендери
- Наштетување на угледот и репутацијата

**За вработените кои се непосредно одговорни**

- За тешки форми на дела, до 4 години затворска казна
- 75,000 евра, парична казна

# ПОЧИТУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ, КОЛЕГИТЕ И ДЕЛОВНИТЕ ПАРТНЕРИ

Почитувањето на нашите вработени ја подобрува нивната благосостојба и придонесува за нашиот успех. Имајќи го ова предвид, особено е важно да се бориме против дискриминација и вознемирување.

Однесувањето кон нашите партнери со иста почит ја зајакнува соработката и довербата.



## НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ

- Да се биде внимателен кон нашите вработени и колеги и да се однесуваме праведно кон нив.
- Создавање средина што поттикнува доверба и дијалог со цел подобро управување со чувствителните прашања во рамките на нашите тимови. На пример: поттикнете директна дискусија наместо е-пошта, што е можно поскоро, пишувајте јасни и учтиви е-пораки, ограничете го бројот на испратени е-пораки надвор од работното време, освен во итни случаи.
- Однесувајте се со почит: третирајте ги колегите, партнерите и клиентите на начин што е во согласност со најголемите заложби на Групацијата.
- Известете го вашиот Менаџер или Офицерот за етика и усогласеност при случаи на вознемирување или дискриминација.
- Информирајте ги нашите партнери за клучните принципи на нашите етички заложби и бидете подготвени да разговарате за овие прашања со нив.

## БИДЕТЕ ВНИМАТЕЛНИ

- Будно внимавајте на навестувања и/или индикации дека колегите можеби се во непријатна ситуација.
- Откријте и ескалирајте какви било случаи кога нашите партнери отстапуваат од нашите етички принципи.

## СТРОГО ЗАБРАНЕТО

- Директна или индиректна дискриминација, особено во тек на процес за вработување или унапредување.
- Постапување на начини кои може да се доживеат како вознемирување или сексистичко однесување.

**На пример:**

Еден колега одлучи да не избере одреден добавувач, иако добавувачот ги исполнуваше сите наши барања и услови. Од коментарите што ги имам слушнато од него, се сомневам дека неговата одлука има врска со националноста на раководителот на компанијата.

Како треба да постапам?

Дискриминацијата заснована врз бојата на кожата, националноста или етничката припадност е неприфатлива и забранета. Треба да го пријавите проблемот на вашиот Менаџер, до надлежните лица во Одделот за човечки ресурси или до Офицерот за етика и усогласеност.

**На пример:**

Мојот директен претпоставен, постојано ја критикува и омаловажува работата на еден колега, кој целосно ја изгуби својата самодоверба и покрај тоа што во минатото беше признат за неговата компетентност.

Што можам да направам?

Важен дел од улогата на Менаџерот е да го поттикне и да го мотивира неговиот/нејзиниот тим, притоа третирајќи ги сите колеги објективно и праведно. Менаџерот поставува и служи за пример и од него/нea се очекува да ги третира членовите на тимот – индивидуално и како група – со почит и еднаквост.

Доколку сте сведок или жртва на ментално и/или сексуално вознемирување, не го држете тоа во тајност. Ве молиме разговарајте за проблемот со претставник од Одделот за ЧР или Офицерот за етика и усогласеност.

## КАЗНИ СОГЛАСНО ФРАНЦУСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

**ДИСКРИМИНАЦИЈА:**

- До 3 години затворска казна и парична казна од 45,000 евра

**ВОЗНЕМИРУВАЊЕ:**

- До 3 години затворска казна и парична казна од 45,000 евра

# СПРАВУВАЊЕ СО ЧУВСТВИТЕЛНИ СИТУАЦИИ

Во случај на дилема и при чувствителни ситуации секогаш побарајте помош

**Поставете си ги следниве прашања:**




ДА
Дали сакам да видам нешто во врска со овој проблем во медиумите?
ДА
Дали преземам целосна и комплетна одговорност за моите одлуки?
ДА
Продолжете понатаму
НЕ
Разговарајте со Офицерот за етика и усогласеност

# СПРАВУВАЊЕ СО ЧУВСТВИТЕЛНИ СИТУАЦИИ (ПРОДОЛЖУВА)

## Со кого треба да разговараш? И како да стигнеш до нив?

Ако имате прашања или сакате да пријавите повреда на Кодексот на однесување, ве молиме контактирајте со:

1/ Вашите Менаџери

2/ Одделот надлежен за проблемот за кој станува збор: Оддел за Човечки ресурси, Оддел за Правни работи, и сл.

3/ Офицерот за етика и усогласеност, преку платформата за укажување на https://alert.groupeadp.fr

(Исто така видете ја и Повелбата за укажување)

## Причини за да го користите системот за предупредување

Добриот имиџ на Групацијата е од витално значење за нејзиниот раст и ефикасноста и квалитетот во работењето. Преку тоа што го кажуваат и како се однесуваат, секој вработен на некој начин придонесува за угледот и репутацијата на Групацијата.

Пријавувањето проблеми и овозможува на Групацијата да употреби пристап за постигнување напредок додека во исто време ги заштитува своите и интересите на своите вработени.

## Дали сум заштитен/а ако го користам механизмот, односно системот за укажување?

Системот е креиран и дизајниран да го заштити укажувачот кој **постапува несебично, со добра волја и кој имал лични сознанија за фактите,** со гаранција дека неговиот идентитет и информацијата ќе бидат чувани во доверливост. Укажувачот е заштитен и за време и по истрагата во однос на неговата пријава. Секое прекршување на оваа доверливост од страна на одговорните за справување со предупредувања може да доведе до санкција.

Секој има право да го користи системот за укажување без да му треба претходно одобрување или знаење на менаџерот. Секој обид за мешање при пријавување или спречување укажувач да поднесе пријава, може да резултира со санкција.

Сепак, несериозната (злонамерна) употреба на системот за укажување може да биде предмет на дисциплинска процедура.

## USEFUL LINKS

**Етика и усогласеност на Групацијата АДП Веб страница за Кодекс на однесување**

http://codeofconduct.groupeadp.fr

**Веб страница за Етика и усогласеност на Групацијата АДП**

https://www.parisaeroport.fr/en/group/group-strategy/ethics-and-compliance

**Не двоумете се да ги упатите партнерите и заинтересираните страни на оваа страница за да можат да се запознаат со нашиот Кодекс на однесување**

# ПОИМНИК

## ЗЛОУПОТРЕБА НА ДОВЕРБА

Злоупотребата на довербата се состои во употреба на нечии средства на начин што претходно не бил договорен со сопственикот на споменатите средства. На пример, користење на средства обезбедени од компанијата (кредитни картички, автомобили, итн.) за лични цели без експлицитен претходен договор. Во Франција овој прекршок се казнува со затворска казна од 3 години и парична казна од 375,000 евра.

## ПРИКРИВАЊЕ

Прикривањето е чин на криење, задржување или воздржување од откривање на нешто, додека нелегално тргување е постапување како посредник со цел да се продаде или да се пренесе нешто, знаејќи дека тоа е производ на кривично дело или прекршок. Во Франција овој прекршок се казнува со затворска казна од 5 години и парична казна од 375,000 евра.

## КОРУПЦИЈА

Корупцијата се состои од прибавување предност (подароци, гостопримство, пари, информации, итн.) за кое било јавно или приватно лице со цел да се натера да дејствува или да се воздржи од дејствување или постапување. Корупцијата може да биде активна (од страна на корупционерот) или пасивна (од страна на лицето кое е корумпирано). Во Франција овој прекршок се казнува со 10 години затворска казна и парична казна од 1 милион евра

## ОБВРСКА ЗА ЛОЈАЛНОСТ

Потпишувањето на Договор за вработување (договор за вработување на неопределено време, договор за вработување на определено време, договор за практична работа, и др.) ги обврзува и вработениот и работодавецот на обврската за лојалност што бара двете страни да ги извршуваат договорните обврски со интегритет. Обврска за лојалност бара од вработениот да избегнува да дејствува и да постапува на начин што може да и наштети на компанијата. Обврската за лојалност е генерално поврзана со обврската за преданост или доверливост.

## ПОТПЛАЌАЊА

Потплаќање значи плаќање пари со цел да се олесни или забрза административен процес (на пр. добивање дозволи), најчесто на државен службеник или вработен, кога таквата постапка не е официјална, односно не е во согласност со вообичаени процеси и правила. Во многу земји, овој вид активност спаѓа во доменот на корупција.

## ФАВОРИЗИРАЊЕ

Фаворизирање се јавува кога некој обезбедува или се обидува да обезбеди неправедна предност на некој друг со кршење на правилата со кои се уредува слободен и еднаков пристап до јавни договори и договори за делегација на јавни услуги. Во Франција овој прекршок се казнува со 2 години затворска казна и парична казна од 30.000 евра

## ПРОНЕВЕРА

Проневера е кога физичко или морално лице е измамено да (пре)даде пари, акции или други средства, да обезбеди услуги или да се согласи на одредени активности и/или постапки, со измамничка употреба на лажно име или идентитет, со злоупотреба на вистински идентитет или со користење методи наменети за измама. Во Франција овој прекршок се казнува со затворска казна од 5 години и парична казна од 375,000 евра.

## ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

Злоупотреба на службена положба и овластување се појавува кога лице од јавен орган, одговорно за јавни услуги, или овластено преку јавно избрани овластувања, директно или индиректно, зема, прима или задржува интерес од кој било вид за компанија или фирма, додека, во исто време делумно или целосно лицето е одговорно за следење, водење, ликвидација или плаќање на споменатата компанија или фирма. Во Франција овој прекршок се казнува со затворска казна од 5 години и парична казна од 500.000 евра, или во некои случаи двојно повеќе од профитот направен од кривичното дело.

## НЕЛЕГАЛНО ТРГУВАЊЕ СО АКЦИИ

Нелегално тргување со акции е дело што се однесува на финансиските пазари. Се јавува кога некое лице работи на берза (купување или продажба) врз основа на информации што не се објавени во јавноста. Во Франција овој прекршок се казнува со затворска казна од 5 години и парична казна до 100 милиони евра.

## НЕСООДВЕТНА ИЛИ НЕПРАВЕДНА ПРЕДНОСТ

Ова се однесува на каква било предност или корист (пари, услуги, подароци, гостопримство, и сл.) што нема соодветен еквивалент во легитимен однос. На пример, исплати што не се совпаѓаат со исплатите потребни за одредени производи или услуги.

## ЛОБИРАЊЕ

Според Транспаренси Интернешнл (здружение во кое Групацијата АДП е член уште од 2008), лобирање е „секоја писмена или усна комуникација меѓу претставникот на интересната група и јавниот одлучувач наменета да влијае врз донесувањето одлуки“.

## ЗЛОУПОТРЕБА НА СРЕДСТВА НА КОМПАНИЈАТА

Злоупотребата на средства на компанијата е дело, односно прекршок што може да биде извршен од страна на менаџер и на компанија кои злонамерно користат компаниски производи или средства, знаејќи дека тоа е спротивно на интересите на компанијата, за нивна лична добивка или пак во корист на друга компанија или правен субјект каде имаат директен или индиректен интерес. Во Франција овој прекршок се казнува со затворска казна до 5 години и парична казна од 375,000 евра.

## ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Перењето пари е чин на „чистење“ на противзаконска добивка (од трговија со дрога, кражба, измама или даночна измама и сл.) преку нејзина канализација во правни активности (имот, ресторани и сл.). Во Франција овој прекршок се казнува со затворска казна од 5 години и парична казна од 375,000 евра, а во посериозни случаи со затворска казна од 10 години и парична казна од 750.000 евра.

## ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ (ЧИНИТЕЛИ)

Засегната страна, или чинител е секое лице или група луѓе кои можат да влијаат врз или да бидат под влијание на постигнувањето на целите на компанијата. Засегнатите страни, односно чинителите можат да имаат директен или индиректен однос со компанијата. Засегнатите страни можат да бидат внатрешни (менаџери, вработени, директори, и сл.) или надворешни (акционери, партнери, клиенти, добавувачи, конкуренти итн.).

## УКАЖУВАЧ

Укажувач е физичко лице кое објективно и со добра волја известува за или открива знаење од прва рака за кривично дело или прекршок, за јасно и сериозно кршење на законот или прописите, или пак за закана или сериозна опасност за општата заедница.
Укажувачот е правно заштитен од сите репресалии (на пр. од неговиот или нејзиниот работодавец) и од секакво кривично гонење.




codeofconduct.groupeadp.fr

GROUPE ADP

**groupeadp.fr**

1, rue de France
93290 Tremblay-en-France